ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (788)

01 2021 05 02/2

Скопје, јануари 2022 година

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14 |
| - Сметководствени политики | 15 - 16 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 17 –22 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Утврдени разлики по позиции помеѓу податоците во Бруто билансот и Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година | |
| Прилог 2 - Утврдени разлики по позиции помеѓу податоците во Бруто билансот и Билансот на приходи и расходи за 2020 година | |
| Прилог 2 – Забелешки кон Нацрт извештај | |
| Прилог 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

Факултетот– Факултет за драмска уметност Скопје
УКИМ – Универзитет Св. Кирил и Методиј
МОН – Министерство за образование и наука
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23-145/1

Дата: 25.01.2022

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за драмски уметности – Скопје на сметката на приходи остварени од самофинансирачки активности (788) за 2020 година.

Ревизијата се воздржува од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година, а за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива изрази неповолно мислење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Факултет за драмски уметности - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2020 година констатирани се следните состојби:

- неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на платата на вработените;
- неправилности во начинот на исплата на надоместоците за вршење дополнителни работи кои не спаѓаат во редовни работни обврски поради не воспоставени единствени критериуми како основа за пресметка и исплата на надоместоците.
- нецелосно извршен попис на средствата, побарувањата и обврските со кои располага факултетот;
- податоците во сметководствената евиденција и бруто билансот не се усогласени со Финансиските извештаи за 2020 година. Ова придонесува годишната сметка да содржи неточни информации, кои нереално ја отсликуваат фактичката состојба на работењето;

- факултетот нема донесено процедура за утврдување и наплата на приходите остварени по различни основи во рамките на високообразовната дејност;
- не е воведена аналитичка евиденција за пресметка и наплата на приходите остварени по различни основи од вршењето на високообразовната дејност, како и невоведена сметководствена евиденција за задолжување и раздолжување на студентите, врз основа на склучените договори за студирање;

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Од страна на деканот на Факултетот за драмски уметности – Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на приходи остварени од самофинансирачки активности, кои претставуваат известување дека Факултетот ќе постапи по дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на Факултет за драмска уметност - Скопје, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Факултетот за драмска уметност - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Факултетот за драмска уметност - Скопје застапувано од:

- м-р Мими Таневска Србиновска, декан од 01.12.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 3 - Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.06.2021 до 30.09.2021 година кај Факултетот за драмска уметност - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 22.10.2021 година.

На ден 10.01.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за драмски уметности – Скопје на сметка на приходи остварени од самофинансирачки активности (788) бр.16-161/10 од 25.11.2021 година, од деканот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за драмски уметности – Скопје м-р Мими Таневска Србиновска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-17/1 од 10.01.2022 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано дека истите претставуваат известување дека Факултетот ќе постапи по дадените препораки.

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Констатациите за воспоставениот систем на внатрешни контроли во Факултетот опишани во точките 3.1.1. и 3.1.2. од Извештајот за сметката за основен буџет се однесуваат и за оваа сметка.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Констатираните состојби наведени во точката 3.2.1. од извештајот на Факултетот на сметката на основен буџет, кои се однесуваат на неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на платата на вработените се однесуваат и за оваа сметка.

3.2.2.Во рамките на ставката Други договорни услуги евидентирани се расходи во износ од 2.774 илјади денари врз основа на исплатени средства за надоместоци по договори за вршење привремени работи или авторски договори на вработени лица на Факултетот или на надворешни лица, ангажирани преку авторска агенција.

Исплатата на надоместоците за вршење дополнителни работи кои не спаѓаат во редовни работни обврски е регулирана со Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ од октомври 2010 година, Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените во УКИМ – Факултет за драмски уметности од септември 2012 година и Одлуката за распределба на средствата стекнати со вршење на високо образовна дејност од втор циклус на Факултетот (двосеместрални студии). Овие надоместоци се однесуваат на изведување настава над нормираниот обем, изведување настава на други факултети, изведување настава на други универзитети, надоместоци за изведување високообразовна дејност од страна на лица кои не се вработени на факултетот, надоместоци за втор циклус студии (магистерски студии), надоместоци за докторски студии, надоместоци за избор на наставник/соработник, надомест за рецензии за изданија и надоместоци за стручна и административна помош.

Со извршениот увид во сметководствената евиденција во кои се евидентирани обврските и плаќањата на договорните услуги, ревизијата го констатира следното:

- отсуство на евиденција за одржана настава предвидена согласно член 160 став 5 од Законот за високото образование и член 14 и 16 од Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените во ФДУ поради што ревизијата не беше во можност да потврди дали одржаните часови се во или надвор од рамките на нормираниот обем на работа, а со тоа да ја потврди и основаноста на исплатата на средствата по погоренаведениот основ;
- пресметката и исплатата на надоместоците за реализирана настава во втор циклус на студии во текот на 2020 година, се врши врз основа на Одлуката за распределба на средствата стекнати со вршење на високо образовна дејност од втор циклус на ФДУ (двосеместрални студии) согласно која распределбата на средствата се врши семестрално по приливот на средства остварени од уплатата на студентите во тековниот семестар[1]. Ревизијата истакнува дека правен основ за донесената Одлука која како поединечен подзаконски правен акт не е предвидена во ниту еден важечки законски и подзаконски општ правен акт Предметната материја паралелно ја уредува и Одлуката за утврдување на

[1] Како основ се земаат во предвид утврдениот бруто износ на еден час одржана настава, бројот на часови предвидени за реализација на предметна програма по соодветен модул и бројот на студенти запишани на соодветниот модул а исплатата се врши по приложена декларација за нејзина реализација

платите и надоместоците на вработените во ФДУ и истата предвидува поинаков начин на распределба и исплата на овие надоместоци преку утврден број на бодови од час настава по студент кој зависи од модулот во кој се изведува наставата. Вредноста на бодот согласно член 45 од Одлуката ја утврдува деканот, а исплатата се врши врз основа на решение донесено од деканот.

Наведената состојба упатува на постоење на двојни критериуми кои претставуваат основа за исплата на овие надоместоци.

- согласно член 43 од Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените во УКИМ – ФДУ се уредени надоместоците за изведување на високообразовна дејност од страна на лица кои не се вработени на универзитетот[2], согласно кој надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците за изведената наставата одобрен од страна на раководителот на соодветната организациона единица и продеканот за настава. Висината на надоместоците за одржан час настава во зависност од наставно-научното и соработничкото звање изразено во бодови се предвидени со член 27 од оваа одлука. Со извршениот увид во евидентираните расходи по овој основ ревизијата констатира дека дел од ангажираните лица не поднесуваат извештај за изведување на наставата, а исплатата е извршена врз основа на договорени износи предвидени во склучени договори помеѓу Факултетот и овие лица.

Утврдените неправилности во начинот на утврдување и исплата на надоместоците за вршење дополнителни работи кои не спаѓаат во редовни работни обврски за кои не воспоставени единствени критериуми при пресметка и исплатата може да има влијание на висината на исплата по овој основ.

## Препорака

Одговорните лица на Факултетот да ги преземат следните активности:

- да се воспостави евиденција за одржана настава како основа за исплата на платите и надоместоците во рамките на Факултетот.
- да се преиспитаат актите и да се воспостават единствени критериуми кои ќе претставуваат основа за пресметка и исплата на надоместоците согласно закон.
- исплатата на надоместоците да се врши согласно утврдени критериумите цо одлуката потврдени со доставени извештаи за изведената настава.

[2] Наставник и соработник на кој му мирува работниот однос поради извршување јавни функции за кои прима плата, ангажиран наставник во насловно звање, истакнат стручњак од практиката како и пензиониран професор и соработник.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Констатираните состојби наведени во точката 3.3.1. од извештајот на Факултетот на сметката на основен буџет, кои се однесуваат на утврдени неусогласености помеѓу сметководствената евиденција и бруто билансот со Билансот на состојба се однесуваат и за оваа сметка. Како дополнување на утврдените состојби, кај Билансот на приходи и расходи за оваа сметка, утврдени се неусогласености со бруто билансот на позициите Плати и надоместоци, Придонеси за социјално осигурување и Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт. Исто така, ревизијата утврди дека дел од расходите се евидентирани на несоодветни позиции од Биланс на приходи и расходи, што не е во согласност со Правилникот за единствена организација на сметководствениот систем и заеднички сметководствени политики на единиците на УКИМ и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во табеларниот преглед составен дел на извештајот (Прилог бр.1 и Прилог бр.2) прикажани се разликите по позиции помеѓу податоците во бруто билансот и финансиските извештаи на Факултетот за 2020 година.
Заради нецелосно воспоставена сметководствена евиденција која е основ за изготвување на финансискиот извештај не може да се потврдидека сите трансакции се искажани во Билансот на состојба под 31.12.2020 година, со што не е обезбедено вистинито и веродостојно информирање за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата. Истовремено оваа состојба укажува и на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола што влијае на реалноста и објективноста на искажаните позиции во деловните книги и финансиските извештаи.

3.3.2.Констатираните состојби наведени во точката 3.3.2. од извештајот на Факултетот на сметката на основен буџет, а кои се однесуваат на слабости во делот на пописот на средствата, побарувањата и обврските со кои располага Факултетот и нивно усогласување со сметководствената евиденција, во рок и на начин како што е предвидено согласно законските и подзаконските акти, се однесуваат и за оваа сметка.
Утврдената состојба не е во согласност со член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со членовите 29 до 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и членовите 30 до 34 од Правилникот за единствена организација на сметководствениот систем и заеднички сметководствени политики на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и има влијание врз реалното и објективно прикажување на одредени позициите од Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

3.3.3. Во деловните книги на Факултетот евидентирани се приходи од вршење на високообразовна дејност во износ од 3.353 илјади денари а по извршениот увид во начинот на евидентирање на истите ревизијата го утврди следното:

- не е донесена пишана процедура и не е воведена помошна евиденција за пресметка и наплата на приходите остварени по различни основи во рамките на високообразовната дејност, со која ќе се обезбеди систем на интерни контроли заради проверка и потврда на целосноста и точноста на искажаните приходи во сметководствената евиденција;
- не е воведена сметководствена евиденција за задолжување на студентите врз основа на склучените договори за студирање на прв, втор или трет циклус на студии и раздолжување по извршена уплата. Наведеното не обезбедува следење на уплатите на студентите од аспект на навремено и редовно плаќање на ратите за запишаните студиски програми;
- приходите кои се наплаќаат по Одлуката[3] за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги (30 услуги) не се евидентираат во посебниот софтвер за студентски прашања поради што не постои можност за проверка и контрола на извршените уплати, од аспект на целосноста и точноста на приходите;
- евидентирани се уплати на средства по основ на двосеместрални магистерски студии (втор циклус) кои согласно член 3 од Одлуката[4] за распределба на средствата стекнати со вршење на високообразовна дејност од втор циклус, треба да се распределат и тоа: 65% за исплата на надоместоци за наставно научниот кадар и 35% за финансирање на дејноста на Факултетот. Факултетот не води посебна помошна евиденција за уплатените приходи по овој основ и распределбата на средствата, односно исплатените расходи за наставно научниот кадар, со која ќе се обезбеди информација дали средствата се соодветно распределени и потрошени;
- во сметководствената евиденција не се евидентираат побарувања врз основа на склучените договори, издадените фактури и доставени извештаи за одржани предавања по основ на ангажирани професори од Факултетот за изведување на наставно образовни услуги на други факултети во рамките на УКИМ согласно член 179 од Законот за високото образование и член 330 од Статутот на УКИМ.

Со ваквиот начин на работење не е постапено согласно член 19 став 5 од Законот за сметководството на буџетот и буџетските корисници и член 10 од Одлука[5] за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус на студии – докторски студии на Факултетот која предвидува да се води аналитичка евиденција

[3] Бр. 0201-862/2-7 од 22.12.2011 година.
[4] Бр. 0201-233/1 од 25.04.2019 година.
[5] Бр.0201-580/2-2 од 12.09.2014 година.

на уплатите за секој студент поодделно и истото има влијание на реалноста и објективноста на искажаните приходи во деловните книги и финансиските извештаи.

Препорака

Одговорните лица на Факултет да ги преземат следните активности:

- да се донесе процедура и да се воведе помошна евиденција за пресметка и наплата на приходите остварени по различни основи кои произлегуваат од вршењето на високообразовна дејност.
- да се воведе сметководствена евиденција за задолжување и раздолжување на студентите врз основа на склучените договори за студирање на прв, втор или трет циклус на студии и уплатите кои ги вршат.
- во сметководствената евиденција да се евидентираат побарувања за уплатените средства од други факултети по основ на ангажирани професори - вработени во Факултетот за изведување на наставно образовни услуги.

Основ за изразување на мислење

Поради изнесените наоди, во точките 3.2., кои се однесуваат на:

- неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на плата и
- неправилности во начинот на исплата на надоместоците за вршење дополнителни работи кои не спаѓаат во редовни работни обврски на вработените.

Заради прашањата опишани во точка 3.3. - Финансиски извештаи, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Факултетот за драмски уметности на сметката приходи остварени од самофинансирачки активности (788) за 2020 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точките 3.3., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Факултет за драмски уметност - Скопје за кои беа предмет на ревизија.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Факултет за драмски уметност - Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 4.675 | 5.459 |
| Трансфери и донации | | 0 | 380 |
| **Вкупно приходи** | | **4.675** | **5.839** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 572 | 426 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 3.458 | 4.994 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4.030** | **5.420** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 416 | 117 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **416** | **117** |
| **Вкупно расходи** | | **4.446** | **5.537** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 3.4. | 229 | 302 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 558 | 328 |
| Хартии од вредност | 4.1.2. | 4 | 8 |
| Побарувања | 4.1.3. | 98 | 1.127 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 44 | 68 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 569 | 899 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.273** | **2.430** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1.351 | 999 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | | 0 | 8 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.351** | **1.007** |
| **Вкупна актива** | | **2.624** | **3.437** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.3.1. | 4 | 8 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2. | 569 | 855 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 5 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3. | 25 | 6 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 49 | 40 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 618 | 1.403 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.265** | **2.317** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **8** | **8** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.351 | 1.112 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.351** | **1.112** |
| **Вкупна пасива** | | **2.624** | **3.437** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 10.01.2022
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 23-17/1 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë


**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**FACULTY OF DRAMATIC ARTS - SKOPJE**

1000 Скопје, п.фах 134; Руѓер Бошковиќ бр. 22, Р.Северна Македонија; тел: +389 2 306 11 88; факс: +389 2 306 12 56; е-маил: fdu@ukim.edu.mk
1000 Skopje, p.fah 134; Rugjer Boskovic 22, Republic of North Macedonia; tel: +389 2 +306 11 88; fax: +389 2 306 12 56; e-mail: fdu@ukim.edu.mk


Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 03-314/4
30-12 2021 год.
СКОПЈЕ

**До Државен завод за ревизија**

**ПРЕДМЕТ: доставување забелешки на нацрт извештајот бр. 16-161/9 од 25.11.2021 година , заведен под наш број 03-314/2.од 02.12.2021 година.**

**Почитувани,**

На почетокот сакаме да изразиме голема благодарност во сериозниот пристап во вршењето на ревизијата и за конструктивните забелешки изнесени во Нацрт извештајот.

Во врска со доставениот нацрт извештај бр. 16-161/9 од 25.11.2021 година.сакаме да се осврнеме на некои наводи и констатации, кои според нас би требало да се дообјаснат заради добивање на подетална слика за определени забелешки во насока на квалитетен извештај и препораки.

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ -603

1. Од страна на овластените државни ревизори е утврдена фактичка состојба за непостоење на систем за внатрени контроли во процесот на на плаќање преку донесување на пишани процедури за текот на движење на документацијата со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот на воспоставување на контроли, преземање на финансиски обврси и водење сметководтсво.

Би сакале да појасниме дека сето ова произлегува од фактот што на Факултетот нема доволно административно стручен кадар , како што е Раководител на одделението за финансово работење кадар, како би можело да се воспостави квалитетен финансиски менаџмент.

Сепак, и покрај ова, Факултетот ќе постапи по препораките на Државниот завод за ревизија и ќе ги преземе сите неопходни мерки за отстранување на недостатоците преку поделба на должностите за одобрување, извршување и сметководтсвено евидентирање и тоа со кадарот со кој располага.

2. Во однос на исплатата на платата на вработените, би сакале да појасниме дека се до донесувањето на Колективниот договор за високото образование, во мај годинава,

кога конечно се воспоставени критериуми за исплата на плата согласно видот на работното место, досега од страна на Министерството за образование, надоместокот за бруто плата на вработените беше определен исклучиво според степенот на образование, па за новите вработувања кои се реализирани според Систематизацијата за работни места на Факултетот , а истите не се определени во Правилникот за исплата на плати и надоместоци на Факултетот, им е определувана плата согласно висината на надоместокот што бил определен од страна на МОН.

По донесувањето на Колективниот договор, во тек е изработка на нов Правилник за распределба на платите и надоместоците за вработените на Факултетот, целосно усогласен со критериумите наведени во Колективниот договор.

3. Во однос на склучување на договори при секој избор во напредно звање, Факултетот склучува договор за вработување со лицата избрани во наставно научно звање во моментот кога прв пат засноваат работен однос. Изборот во наставно научно звање го врши Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот и за истото се донесува одлука. Оваа одлука се проследува до надлежните инситуции за натамошна процедура. Доколку при секој избор би се склучувале нови договори за вработување, тоа би значело дека треба да се врши одјава и пријава во Агенцијата за вработување, а секое ново пријавување значи да има обезбедена согласност за вработување од Министерството за финансии. Имајќи предвид дека ваквите согласности од Министерството за финансии тешко се добиваат, постои опасност на наставникот да му престане работниот однос иако е избран во напредно звање.

   Сепак ние ќе постапиме по препораките на Државниот завод за ревизија и ќе изработуваме договори кои ќе бидат за интерна употреба и ќе бидат составен дел од досието на наставникот.

4. Во однос на останатите забелешки од финансовото работење би сакале само да појасниме дека целосното финансово работење на Факулеттот се врши без електронски софтвер за овој дел од работењето. И во оваа насока, ќе бидат преземени сите мерки за набавка на софтвер за сметководство, и со ова ќе бидат отстранети и останатите забелешки од страна на овластените државни ревизори во однос на пописот и останатото финансово работење.

   Исто така ќе бидат преземени сите активности согласно препораките на ДЗР во однос на пописот и останатите забелешки од областа на јавните набавки.

5. Во врска со назначување администратор за внесување податоци во базата на Министерството за образование и наука на РСМ согласно Правилникот за водење евиденции за високото образование ( Сл.весник на РСМ 102/2018) сеуште немаме добиено никакво известување од страна на МОН за каква електронска база се работи ниту за начинот на кој се пристапува кон истата.

**СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ – 788**

Факултетот за Драмски уметности во Скопје ќе пристапи кон сите препораки на овластените државни ревизори во однос на забелешките за определени делови од работењето на Фаултетот, а дел од нив се поклопуваат со забелешките од нацрт извештајот за сметката 603, како и со појаснувањата на истите дадени од наша страна

Со почит

**ДЕКАН**

**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска**

Скопје, 30.12.2021 година